# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА КУМАНОВО


| | | |
|---|---|---|
| „Службен гласник на Општина Куманово“ Излегува по потреба-Издавач: Општина Куманово-Тел. 423-505 - Одговорен уредник Марија Крстевска | Година LXII Број 8 Куманово 19 јуни 2018 год. | Претплата за 2017 година изнесува 2.000 денари. трезорска с-ка 100-0000000630-95 с-ка на буџетски корисник 7410140525630-18 приходна шифра 725939 |


399.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово донесе

**Заклучок**
**за објавување на Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Куманово за 2018 година**

1. Се објавува Одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Куманово за 2018 година, Бр. 09-4025/13, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 14 јуни 2018 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово“.

Бр. 08-4237/1
18 јуни 2018 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски,с.р.**

400.

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) а во врска со член 34 од Законот за Буџетите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 64/2005 бр. 4/2008, 159/2009, 95/2010, 180/2011 и 17/2012), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 14 јуни 2018 година, донесе

## О Д Л У К А
### за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Куманово за 2018 година

Член 1

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Куманово за 2018 година на следниот начин :

| Потпрограма<br>Потставка | | БУГЕТ | САМОФИН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **W00** | **ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА** | | | | | |
| 404150 | Други надоместоци | -380.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 421410 | Горива и масла (моторни возила) | -100.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 424210 | Одржување на згради | -400.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 464940 | Трансфери при пензионирање | -100.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **WA0** | **ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА (КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ)** | | | | | |
| 480190 | Купување на друга опрема | 1.280.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 486110 | Купување на моторни возила | -300.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето на „Службен гласник на Општина Куманово“ и станува составен дел на Буџетот на Општината за 2018 година.

Бр. 09-4025/13
14 јуни 2018 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
**Атина Мургашанска, с.р.**

## 401.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово донесе

### Заклучок
### за објавување на Одлука за давање согласност на Годишен план за вработување во Општина Куманово за 2018 година - дополнување

1. Се објавува Одлуката за давање согласност на Годишен план за вработување во Општина Куманово за 2018 година - дополнување, Бр. 09-4025/14, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 14 јуни 2018 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово“.

Бр. 08-4238/1
18 јуни 2018 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски,с.р.**

## 402.

Врз основа на член 20-б став 1 алинеа 3 и став 2 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16 и 35/18) и член 68 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово“ бр. 13/03, 13/07 и 8/15), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 14 јуни 2018 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за давање согласност на Годишен план за вработување во Општина Куманово за 2018 година - дополнување**

Член 1

Се дава согласност на Годишниот план за вработување во Општина Куманово за 2018 година - дополнување.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето на „Службен гласник на Општина Куманово“.

Бр. 09-4025/14 Совет на Општина Куманово
14 јуни 2018 година Претседател,
Куманово **Атина Мургашанска, с.р.**

403.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово донесе

**Заклучок**

**за објавување на Одлука за донесување на Измена и дополнување на Детален урбанистички план за дел од У.Е. „Гоце Делчев", дел од Урбан блок 29, плански опфат меѓу ул. „2001", ул. „1", пешачка патека и ул. „222" – Општина Куманово**

1. Се објавува Одлуката за донесување на Измена и дополнување на Детален урбанистички план за дел од У.Е. „Гоце Делчев", дел од Урбан блок 29, плански опфат меѓу ул. „2001", ул. „1", пешачка патека и ул. „222" – Општина Куманово, Бр. 09-4025/17, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 14 јуни 2018 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово“.

Бр. 08-4241/1 Градоначалник
18 јуни 2018 година на Општина Куманово,
Куманово **Максим Димитриевски,с.р.**

404.

Врз основа на член 39 став 1 и 5 и член 41 став 5 алинеа 3 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16 и 64/18), член 22 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 25 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово“ бр. 13/03,13/07 и 8/15), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 14 јуни 2018 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за донесување на измена и дополнување на Детален урбанистички план за дел од У.Е. „Гоце Делчев", дел од Урбан блок 29, плански опфат меѓу ул. „2001", ул.„1", пешачка патека и ул. „222" - Општина Куманово**

Член 1

Со оваа Одлука се донесува измена и дополнување на Детален урбанистички план за дел од У.Е. „Гоце Делчев", дел од Урбан блок 29, плански опфат меѓу ул. „2001", ул.„1", пешачка патека и ул. „222", плански опфат со површина од (1,3 ха) – Општина Куманово, техничка документација бр.У-07/17 изработена од УРБАН ГИС ДООЕЛ Куманово.

Член 2

Составен дел на измена и дополнување на Детален урбанистички план за дел од У.Е. „Гоце Делчев", дел од Урбан блок 29, плански опфат меѓу ул. „2001", ул.„1", пешачка патека и ул. „222" со површина на опфат од (1,3ха) – Општина Куманово се

- текстуален дел и графички дел со параметри за спроведување на измена и дополна на Детален урбанистички план за дел од У.Е. „Гоце Делчев", дел од Урбан блок 29, плански опфат меѓу ул. „2001", ул. „1", пешачка патека и ул. „222".
- Согласност од Министерство за транспорт и врски-Скопје бр.24-5200/2 од 28.05.2018 год.
- Извештај од јавна презентација и јавна анкета бр.21-2743/9 од 04.08.2017.

Член 3

Измена и дополнување на Деталниот урбанистички план за дел од У.Е. „Гоце Делчев", дел од Урбан блок 29, плански опфат меѓу ул. „2001", ул. „1", пешачка патека и ул. „222" со површина на опфат од (1,3ха), технички број У-07/17, по извршено дигитално преклопување од страна на Агенцијата за катастар на недвижности го спроведува Секторот за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина и природата при Општина Куманово.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово“.

Бр. 09-4025/17 Совет на Општина Куманово
14 јуни 2018 година Претседател,
Куманово **Атина Мургашанска, с.р.**

405.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Заклучок**
**за објавување на Одлука за промена на трасата на линиските инфраструктурни објекти со решение на крстосница на дел од ул. „Трета МУБ“ и ул. „11-ти Октомври“ - Општина Куманово**

1. Се објавува Одлуката за промена на трасата на линиските инфраструктурни објекти со решение на крстосница на дел од ул. „Трета МУБ“ и ул. „11-ти Октомври“ - Општина Куманово, Бр. 09-4025/18, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 14 јуни 2018 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово“.

Бр. 08-4242/1 Градоначалник
18 јуни 2018 година на Општина Куманово,
Куманово **Максим Димитриевски,с.р.**

406.

Врз основа на член 52 став 2 точка 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ" бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16 и 64/18), член 22 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 25 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово" бр. 13/03, 13/07 и 8/15), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 14 јуни 2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за промена на трасата на линиските инфраструктурни објекти со решение на крстосница на дел од ул. „Трета МУБ“ и ул. „11-ти Октомври“ - Општина Куманово**

Член 1

Со оваа Одлука се врши промена на трасата на линиските инфраструктурни објекти со решение на крстосница на дел од ул. „Трета МУБ“ и ул. „11-ти Октомври“ – Општина Куманово.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука **е**/се

- Графички приказ

Член 3

По донесување на Одлуката за утврдувањето на промена на трасата на линиските инфраструктурни објекти со решение на крстосница на дел од ул. „Трета МУБ“ и ул. „11-ти Октомври“ – Општина Куманово, ќе се изготви Проект за инфраструктура.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 09-4025/18
14 јуни 2018 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
**Атина Мургашанска, с.р.**

407.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово донесе

**Заклучок**
**за објавување на Одлука за промена на трасата на линиските инфраструктурни објекти со решение на крстосница на дел од ул. „11-ти Октомври“ и ул. „Пролетерски Бригади“ - Општина Куманово**

1. Се објавува Одлуката за промена на трасата на линиските инфраструктурни објекти со решение на крстосница на дел од ул. „11-ти Октомври“ и ул. „Пролетерски Бригади“ - Општина Куманово, Бр. 09-4025/19, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 14 јуни 2018 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово“.

Бр. 08-4243/1
18 јуни 2018 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски,с.р.**

408.

Врз основа на член 52 став 2 точка 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ" бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16 и 64/18), член 22 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 25 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово" бр. 13/03, 13/07 и 8/15), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 14 јуни 2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за промена на трасата на линиските инфраструктурни објекти со решение на крстосница на дел од ул. „11-ти Октомври“ и ул. „Пролетерски Бригади“** - Општина Куманово

Член 1

Со оваа Одлука се врши промена на трасата на линиските инфраструктурни објекти со решение на крстосница на дел од ул. „11-ти Октомври“ и ул. „Пролетерски Бригади“ – Општина Куманово.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука **е**/се

- Графички приказ

Член 3

По донесување на Одлуката за утврдувањето на промена на трасата на линиските инфраструктурни објекти со решение на крстосница на дел од ул. „11-ти Октомври“ и ул. „Пролетерски Бригади“ – Општина Куманово, ќе се изготви Проект за инфраструктура.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 09-4025/19
14 јуни 2018 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
**Атина Мургашанска, с.р.**

409.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово донесе

**Заклучок**
**за објавување на Одлука за промена на трасата на линиските инфраструктурни објекти на дел од ул. „Гоце Делчев“ на потег помеѓу крстосница со ул. „Борис Кидрич“ и ул. „Трст“ за предвидување на автобуски стојалишта - Општина Куманово**

1. Се објавува Одлуката за промена на трасата на линиските инфраструктурни објекти на дел од ул. „Гоце Делчев“ на потег помеѓу крстосница со ул. „Борис Кидрич“ и ул. „Трст“ за предвидување на автобуски стојалишта - Општина Куманово, Бр. 09-4025/20, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 14 јуни 2018 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово“.

Бр. 08-4244/1
18 јуни 2018 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски,с.р.**

410.

Врз основа на член 52 став 2 точка 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ" бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16 и 64/18), член 22 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 25 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово" бр. 13/03, 13/07 и 8/15), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 14 јуни 2018 година, донесе

# ОДЛУКА
## за промена на трасата на линиските инфраструктурни објекти на дел од ул. „Гоце Делчев“ на потег помеѓу крстосница со ул. „Борис Кидрич“ и ул. „Трст“ за предвидување на автобуски стојалишта - Општина Куманово

Член 1

Со оваа Одлука се врши промена на трасата на линиските инфраструктурни објекти на дел од ул. „Гоце Делчев“ на потег помеѓу крстосница со ул. „Борис Кидрич“ и ул. „Трст“ со цел предвидување на автобуски стојалишта – Општина Куманово .

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е/се

- Графички приказ
-

Член 3

По донесување на Одлуката за утврдувањето на промена на трасата на линиските инфраструктурни објекти на дел од ул. „Гоце Делчев“ на потег помеѓу крстосница со ул. „Борис Кидрич“ и ул. „Трст“ за предвидување на автобуски стојалишта – Општина Куманово, ќе се изготви Проект за инфраструктура.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 09-4025/20 Совет на Општина Куманово
14 јуни 2018 година Претседател,
Куманово **Атина Мургашанска, с.р.**

**411.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово донесе

## Заклучок
## за објавување на Измена и дополнување на Планот на програми за развој на Општина Куманово за 2018 година

1. Се објавува Измената и дополнувањето на Планот на програми за развој на Општина Куманово за 2018 година, Бр. 09-4025/15, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 14 јуни 2018 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово“.

Бр. 08-4239/1 Градоначалник

18 јуни 2018 година на Општина Куманово,
Куманово **Максим Димитриевски,с.р.**